# Упатство за употреба на ЕЛЕКТРОНСКИ СИСТЕМ ЗА ПРОДАЖБА И ДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП НА ДЕЛОВЕН ПРОСТОР СО ЕЛЕКТРОНСКО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

Добредојдовте на електронскиот систем за продажба и давање под закуп на деловен простор со електронско јавно наддавање http://deloven-prostor.mk/ .




Слика 1

## 1. Регистрација на системот

За да се регистрирате на системот треба да пристапите до модулот за регистрација (слика 2) преку линкот 'Регистрација' кој се наоѓа во Профил панелот (слика 1).




Слика 2

Сите податоци мора да бидат точни, бидејќи системот не прима двајца корисници со ист емаил, ембг, едб, ембс (т.е. податоците кои се уникатни за секој граѓанин/фирма) (слика 3).




Слика 3

За да ја комплетирате регистрацијата задолжително е да ја штиклирате контролата со која се согласувате со Условите и правилата за користење на системот и да го впишете сигурносниот код (слика 4). Доколку регистрацијата е успешна ќе добиете известување и инструкции како да го активирате профилот (слика 5).




Слика 4




Слика 5

## 2. Активација на кориснички акаунт

Откако корисникот ќе добие известување на неговата емаил адреса дека успешно се регистрирал на системот, корисникот треба да го активира акаунтот. Во известувањето кое корисникот го дибива на емаил, е вклучен активационен линк со чиј клик се активира акаунтот по што корисникот може да се логира на системот.

## 3. Најавување на системот

Откако корисникот ќе го активира неговиот акаунт, може да се најави на системот преку формата за најава која се наоѓа на почетната страница (слика 6).




Слика 6

## 4. Заборавена лозинка

Во случај ако корисникот ја заборавил лозинката, со клик на линкот 'Заборавена лозинка' веднаш над копчето за најавување, се отвора форма (слика 7) во која корисникот треба да ја внесе својата емаил адреса и да го впише сигурносниот код, при што, на емаил адресата на корисникот му се испраќаат инструкции за внесување на нова лозинка.




Слика 7

## 5. Кориснички профил - Преглед на податоци и аукции

Корисникот, откако ќе се најави со клик врз Името и Презимето или Името на фирмата (слика 8) може во секое време да ги прегледа своите податоци како и објектите и аукциите на кои што е пријавен или учествувал.




Слика 8

Во формата која се отвора, во првиот таб ПРОМЕНЕТЕ ПРОФИЛ слика(9) се излистани податоците за најавениот корисник, кои се засивени и корисникот не може да ги промени, но овозможено е да се изменува само лозинката и типот на известувања со клик на копчето "ЗАЧУВАЈ".




Слика 9

Во вториот таб ПОГЛЕДНИ ГИ АУКЦИИТЕ слика(10) се излистани аукциите и објектите на кои учествувал најавениот корисник.

Со клик на името на аукцијата се отвора страница каде се излистани сите објекти од таа аукција, а со клик на името на објектот се отвора страницата со податоците за објектот.




Слика 10

## 6. Аукции

Со клик на линкот „Аукции“ од главното мени, се отвора прегледот на тековните аукции (слика 11) поделени по тип на аукција, „Продажба на Деловен Простор“ и „Давање под закуп на Деловен Простор“. Под секоја аукција е излистана целосната документација за аукцијата.




Слика 11

Ако се избере некоја од активните аукции, се отвара нов панел со објекти, каде се прикажани сите објекти кои ги содржи избраната аукција (слика 12).




Слика 12

Во левиот дел од прозорецот прикажани се филтри за полесно пребарување на објектите.

- во филтерот Град се избира град каде ќе се прикажат сите објекти од тековната аукција кои се содржани во него.
- филтерот Категорија дава приказ на сите категории кои се дел од тековната аукција и со избор на некоја категорија ќе бидат прикажани сите објекти кои се дел од тековната аукција и избраната категорија
- филтерот Датум служи за групирање на објектите според време на започнување и време на завршување на аукцијата

Дополнително се појавуваат и филтри по статус на објект, по тип на аукција и конкретно по аукција. За полесен и побрз пристап до објектите достапно е и полето за подредување на објектите по Име, Цена, Време на започнување и Време на завршување, или со внесување на името на објектот во полето за пребарување.

Овозможено е да се промени и бројот на резултати по страница како и типот на прегледот, од Грид во Мапа, кој овозможува преглед на објектите лоцирани на мапа (слика 13).




Слика 13

## 7. Категории

Со клик на линкот „Категории“ од главното мени, се отвора прегледот на тековните објекти од аукциите поделени по категорија со цел да се олесни пребарувањето на одредена категорија на објекти (слика 14).




Слика 14

## 8. Правила, Мапа на сајтот и Совети за безбедност

Во долниот дел од страната  достапни се модули наменети за сите корисници:

- Правила за користење на системот каде детално се објаснети условите за користење, пријавувањето , регистрацијата,  депозитот, наддавањето, роковите и сите останати права и обврски.
- Мапа на сајтот: за ориентациона прегледност на системот.
- Совети за безбедност: совети за користење на системот.

## 9. Објекти и ПРОЦЕС НА НАДДАВАЊЕ

Со клик на некој од објектите во панелот со пребараните објекти, или пак на идентификаторот на приказот на мапата, или пак во листата во корисничкиот профил, се отвора страница со објектот, каде се прикажани деталите за објектот (слика 15).

Во левиот дел се поставени панелите: Профил, Понуда и Детали за аукцијата.

Во панелот Профил се испишани податоците за логираниот корисник.

Во панелот Наддавање се појавуваат информации дали најавениот корисник е пријавен на конкретниот објект на аукцијата, копче за пријава или откажување на пријавата за наддавање на објектот и лабела со одбројување на времето до почетокот на наддавањето, по што откако ќе започне наддавањето се појавуваат контролите за внесување на сума за понудата и копче за наддавање.

Во панелот Детали за аукцијата се испишани останатите детали за аукцијата и објектот како што се: Тип на аукција, Почетна цена, Квадратни метри, висина на потребната Банкарска Гаранција, Последна достигната цена при наддавањето, Датум на започнување, Датум на завршување и Статус на аукцијата .

Во централниот дел е панелот кој содржи наслов, слики од објектот, опис, линкови до документите за објектот, линк до огласот, и локација од објектот на мапа.




Слика 15

Логираниот корисник може да се пријави за наддавање на аукцијата за објектот со клик на копчето Пријави се во панелот Наддавање (слика 15).

Притоа доколку го потврди пријавувањето односно регистрацијата за наддавање на тој објект (слика 16), корисникот добива известување на успешноста на пријавата и шифрата со која корисникот ќе учествува во наддавањето, како и предупредување дека мора да ги прикачи потребните документи пред датумот за крај на огласот за да може комисијата навремено да го одобри или одбие неговото учество на аукцијата (слика 17).







(слика 16) (слика 17)

Корисникот може и да ја откаже својата пријава со клик на копчето Откажи се (слика 18) се додека не завршил рокот за пријавување односно крајниот рок од огласот.




Слика 18

Откако корисникот успешно ќе се пријави за наддавање на објектот, потребно е да ги прикачи бараните документи во огласот. Со клик на линкот Документи за аплицирање (слика 18) се отора нов прозоред (слика 19) во кој корисникот може да ги прикачи бараните документи за комисијата да одлучи дали корисникот има право да учествува на наддавањето.




Слика 19

Откако ќе заврши крајниот рок од огласот корисниците нема да можат да се пријавуваат ниту да ги прикачат/изменат потребните документи. Во периодот од крајот на огласот до почетокот на аукцијата, комисијата ги прегледува поднесените пријави и прикачените документи и ги одобрува или одбива пријавените корисници за да учествуваат на наддавањето.

Корисниците добиваат известување на нивната емаил адреса за одлуката на комисијата, а притоа статусот на нивната пријава можат да го видат и во панелот Наддавање (слика 20).




Слика 20

Откако наддавањето ќе започне, во панелот Понуда почнува да одбројува времето до завршувањето на понудата , испишан е и бројот на направени понуди, износот на минималната понуда која може корисникот да ја понуди, поле во кое треба да ја внесе сумата која сака да ја понуди и копче ПОСТАВИ за да ја постави саканата понуда. После клик на копчето ПОСТАВИ, се очекува потврда од корисникот дали да биде поставена понудата  (слика 21).




Слика 21

Доколку понудата е успешна, корисникот добива известување (слика 22) и неговата понуда се испишува на врвот од претходните понуди кои се прикажани во делот Историја на понуди на (слика 21). Додека аукцијата е во тек, историјата на понуди е заштитена со шифрирани имиња на наддавачите за да се осигура анонимноста.

Доколку еден корисник се обиде да наддаде втор пат, а неговата претходна понуда сеуште е највисока од другите понуди на учесниците, ќе добие известување дека понудата не е успешна како на (слика 23).




Слика 22




Слика 23

**По завршувањето на наддавањето**

Во панелот Понуда се појавуваат информациии за вкупниот број на понуди на наддавањето, и контролите за внесување на понудата и копчето за наддавање не се повеќе достапни (слика 24).

Во делот Историја на понуди се испишува Името и Презимето/ Името на фирмата која поднела нависока понуда (слика 24).

Сите учесници на аукцијата за конкретниот објект на нивната емаил адреса добиваат записник од наддавањето, во кој се содржат податоци за комисијата, податоци за аукцијата и објектот, бројот на понудувачи, текот на електронското наддавање и името на најповолниот понудувач.




Слика 24

# Содржина

Упатство за употреба на ЕЛЕКТРОНСКИ СИСТЕМ ЗА ПРОДАЖБА И ДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП НА ДЕЛОВЕН ПРОСТОР СО ЕЛЕКТРОНСКО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ........ 1

1. Регистрација на системот ........ 2

5. Кориснички профил - Преглед на податоци и аукции ........ 4

6. Аукции ........ 6

7. Категории ........ 9

8. Правила, Мапа на сајтот и Совети за безбедност ........ 9

9. Објекти и ПРОЦЕС НА НАДДАВАЊЕ ........ 10